РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-984/2
12-06-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33 - та седница одржана на ден 11.06.2026 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

СЕ ОТФРЛА, пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со број 09-984/1 ОД 03.03.2026 година, против лицето -------------, градоначалник на општина ----------.

Согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК утврди дека нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на непознат подносител, на ден 03.03.2026 година е поднесена пријава против службеното лице --------------, градоначалник на општина -------------, со наводи за постоење на судир на интереси и прекршување на законските одредби за неспојливост на функции. Имено, во пријавата се наведува дека именуваното лице, кое ја извршува функцијата градоначалник, истовремено дејствува и како претседател на општински комитет на политичка партија на локално ниво..

По разгледување на пријавата, Државната комисија оцени дека кај пријавеното лице не постои состојба на судир на интереси во смисла на членот 2 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ниту е утврдено постапување спротивно на забраните за вршење на други дејности предвидени во член 44 од истиот Закон.

Согласно членот 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси го утврдува значењето на поимот „судир на интереси“: Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Согласно член 44 став (2), (4) и (5) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси каде се опфатени забраните за вршење на други дејности е предвидено:

(2) „ Функцијата претседател на Републиката, претседател на Владата на Република Македонија, министер, пратеник, член на совет, градоначалник, судија, јавен обвинител, јавен правобранител, народен правобранител и други функции кои ги избира или именува Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија или органите на локалната самоуправа сенеспојливи една со друга,

(4) Избрано или именувано лице не може истовремено да врши функција на одговорно лице или член на орган на управување или надзорен орган во јавно претпријатие, јавна установа или друго правно лице кое располага со државен капитал и

(5) Избрано или именувано лице и одговорно лице во јавно претпријатие или друго правно лице со доминанен државен капитал не може да врши функција на член на управен одбор или на друг орган на управување во трговско друштво или друго правно лице што се занимава со дејност со која се остварува профит.

Имено, лицето -------------извршува една јавна функција – градоначалник на општина -------------, на која е избран од страна на Општинската изборна комисија -------------, со Уверение за избран градоначалник број 11-165/1 од 10.11.2025 година.

Воедно, позицијата претседател на општински комитет на политичка партија на локално ниво претставува внатрепартиска организациска позиција и не претставува јавна функција во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, односно со извршувањето на оваа партиска функција не претставува службено лице во смисла на член 8 став (2) од истиот закон поради што не претставува неспојлива функција со функцијата градоначалник.

Имајќи го во предвид погоре наведеното, Државната комисија одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar